Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-29/7

11-04-2022 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-643 од 06.12.2022 поднесена од [redacted] Битола со живеалиште на ул. [redacted] од Битола против [redacted], вработена во Клиничка болница Битола, за извршена директна дискриминација врз основ на лично својство во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.04.2023 го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на личен или општествен статус од страна на [redacted] кон [redacted] во областа работа и работните односи.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст Комисијата ) поднесена е претставка со архивски број 08-643 од 06.12.2022 година, од [redacted] од Битола, против [redacted] за сторена дискриминација врз основ на личен или општествен статус во област работа и работни односи.

Подносителот, во претставката наведува дека е доктор интернист во Клиничка болница Битола. Тој, согласно неговите тврдења, од 2021 година ја работел методата ЕХО на срце, односно извршувал ехокардиографски прегледи на пациенти. Подносителот наведува дека од декември 2022 година тој веќе не се наоѓал на распоредите за вршење ехокардиографија, а со тоа бил дискриминиран од раководителката на Службата за интерни болести, која ги изготвува распоредите, врз основа на неговиот личен, односно општествен статус. Во прилог на неговото тврдење, подносителот доставува докази за претходно работно искуство со вршење ехокардиографски прегледи на пациенти, како и доказ за посетен ехокардиографски курс со практична настава, одржан во 1998 година на Институтот за срцеви заболувања, при Клиничкиот центар Скопје.

Врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата, на 26.01.2023 ја достави претставката на произнесување до потенцијалната дискриминаторка. Согласно наводите и доказите од претставката Комисијата утврди дека тврдењето на подносителот за сторена директна дискриминација е веројатно, па врз основа на тоа, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација товарот на докажување го префрли на потенцијалната дискриминаторка.

На 23.02.2023 подносителот на претставката поднесе и доуредување на претставката. Во доуредувањето [redacted] наведува дека на [redacted] година во 10 часот бил повикан од страна на раководителката [redacted] и му биле искажани различни закани.

На 09.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на барањето за изјаснување од страна на потенцијалната дискриминаторка. Во одговорот од [redacted], се негира секаков дискриминаторски однос кон [redacted] врз основ на личен или општествен статус во област работа и работни односи. [redacted] наведува дека

[redacted] не е стручно оспособен за изведување на ехокардиографски прегледи поради непотполна и несоодветна документација за извршување на таа метода. Дополнително, [redacted] наведува дека во последната година откако таа е раководителка на Службата, вршела проверки на неговите ехотомографски извештаи и во констатација со останатите доктори дошла до заклучок дека [redacted] нестручно ја вршел својата работа бидејќи наодите на сите пациенти биле исти. Нејзиниот заклучок бил дека [redacted] не смее да продолжи со изведување на таа метода бидејќи е ризично за здравјето на самите пациенти, бидејќи се работи за пациенти кои треба да се оперираат, пациенти кои примаат хемотерапија итн, односно се работи за високоризични пациенти. Воедно, потенцијалната дискриминаторка, наведува дека добила и многу поплаки за работата на [redacted] од колеги од други дејности, кои одбивале да ја извршат интервенцијата за која се закажани пациентите (хирурзи, анестесиолози и ортопеди).

За целосно и точно утврдување на фактичката состојба, членот на Комисијата, Игор Јадровски и службеникот Стефан Бошковски, на 09.03.2023 извршија увид во Клиничката болница во Битола. При направениот увид беше разговарано и со [redacted] и со [redacted]. Од разговорот со [redacted] беше дека таа како раководител на одделението [redacted], согласно систематизацијата на работното место со реден број и шифра 37. ЗДР 03 01 А01 012, меѓу другото го организира и раководи одделението и изготвува распореди за работата на лекарскиот персонал. Дополнително, [redacted] ги информираше претставниците на Комисијата дека не постои додаток на плата за вршењето на ехокардиографските прегледи, односно дека докторите интернисти ќе ја земаат истата плата без разлика дали се распоредени за извршување на ехокардиографските прегледи или не.

Во разговорот со Блажевски не беа добиени дополнителни значајни информации за утврдување на фактичката состојба, надвор од оние информации кои веќе беа доставени со претставката и доуредувањето.

Земајќи ги предвид претставката на подносителот, доуредувањето на претставката, доказите кон претставката, наводите од поднесокот за и податоците добиени од извршениот увид, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не постои дискриминација врз основ на личен или општествен статус од страна на Елизабета Ивановска кон Златко Блажевски во областа работа и работните односи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација нема законска надлежност и компетенции за да цени дали [redacted] ја има потребната стручна подготовка за вршење на ехокардиографски прегледи, па во одлучувањето по претставката се фокусираше на односот на раководителката [redacted] кон [redacted], во споредба со нејзиниот однос кон останатите доктори на одделението за интерни болести во Клиничката болница Битола. Систематизацијата на работното место на раководителката на одделението меѓу другото подразбира дека таа го организира и раководи одделението и изготвува распореди за работата на лекарскиот персонал. Ова се однесува на сите доктори во одделението, а не само на подносителот. На подносителот му се даваат работни задачи, исто како и на останатите лекари од одделението, со таа разлика што тој повеќе не извршува ехокардиографски прегледи. Имајќи превид дека подносителот ги извршува останатите работни задачи кои треба да ги извршуваат докторите интернисти, како и фактот дека невршењето на ехокардиографски прегледи не влијае на неговата плата, Комисијата ценеше дека во конкретниот случај нема повреда на право од работен однос, поврзано со одредена заштитна карактеристика, а vis a vis тоа нема ниту дискриминација. Дополнително, подносителот наведувајќи го својот личен или општествен статус како дискриминаторска основа, не објаснува на што конкретно мисли. Иако недостига воспоставена правна практика на меѓународно ниво која би помогнала појасно да се исцртаат границите на оваа основа за заштита и од практиката на ЕСЧП не е целосно јасно кое е

точното значење на личен статус, најчесто под личен или општествен статус се подразбира основа за заштита која се врзува со надворешниот физички изглед и неговите карактеристики, со неговото потекло, неговата поврзаност со определена професија, со сегашниот или поранешниот статус на затвореник или имигрант, итн. Тој е одреден од лична карактеристика која лицето ја има или се претпоставува дека ја има, или со статусот во општеството кој се смета дека едно лице го ужива, а поврзано со овие свои карактеристики. Во претставката подносителот не успева при наведувањето на основата да ја врзе со некои од гореспоменатите карактеристики, па следствено на тоа не успева ниту јасно да воспостави компаратор во споредба со кој би се утврдил нееднаквиот третман.

Имајќи го предвид горенаведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности, одлучи како во диспозитивот на мислењето и не утврди дискриминација врз основ на личен или општествен статус од страна на [redacted] кон [redacted] во областа работа и работните односи

Скопје
11.04.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:

[redacted]